## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6488 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
(2) *Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75 -а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
(2) *При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување наниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Во десеттиот извештај од мониторингот на изборното медиумско претставување, за периодот од 1 до 9 декември 2016 година, анализата на дневно-информативните емисии на ТВ Нова се спроведе врз 18 изданија на Обсервер на Нова во 19 и во 22 часот.

Анализираните прилози имаат вкупно времетраење од 11 часа 44 минути и 35 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:33 | 11,53 | % |
| Други субјекти | 00:06:42 | 13,91 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:06:44 | 13,98 | % |
| Влада на РМ | 00:10:14 | 21,25 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:23 | 19,49 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:02 | 4,22 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:41 | 5,57 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:41 | 5,57 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:09 | 4,47 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:48:09** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Претседател на РМ | 00:03:29 | 1,73 | % |
| Експерти/аналитичари | 01:38:33 | 48,92 | % |
| Без субјекти | 00:05:03 | 2,51 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:28 | 0,23 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:55 | 1,45 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:05:37 | 2,79 | % |
| Други субјекти | 00:45:33 | 22,61 | % |
| Граѓански сектор | 00:13:37 | 6,76 | % |
| ДИК и други органи | 00:10:07 | 5,02 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:07:39 | 3,80 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:12 | 0,60 | % |
| АРМ | 00:04:06 | 2,04 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:34 | 0,78 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:34 | 0,78 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:21:27** | **100** | **%** |

| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 04:29:30 | 80,54 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:02:05 | 18,55 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:54 | 0,57 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:34 | 0,17 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:34 | 0,17 | % |
| **Вкупно за тема:** | **05:34:37** | **100** | **%** |

Сегментот од вестите од кој се извлекуваат оценките за квантитативниот дел од балансот, се однесува на извештаите од активностите во кампањите на субјектите со потврдени листи со кандидати за пратеници и трае 5 часа 34 минути и 37 секунди (Табела 1). Времето меѓу четирите учесници во изборната кампања со по седум потврдени листи е распределено на следниов начин: Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ има 4 часа 29 минути и 30 секунди (80,54%), и овде влегуваат и разговорите во живо пред или по митинзите со Васил Пишев, Ванковер Манчев, Никола Тодоров, Јохан Тарчуловски, Ане Лашковска, Марјан Ристески. Наредна е Коалицијата предводена од СДСМ со 1 час 2 минути и 5 секунди (18,55%), за ДУИ има 34 секунди (0,17%), а за Коалицијата ВМРО за Македонија – 1 минута и 54 секунди (0,57%). Информации има само за уште еден субјект - ДПА, со пет потврдени листи, и тоа во траење од 34 секунди (0,17%). ТВ Нова не известуваше за активностите на преостанатите шест учесници во изборната кампања.

Има извештаи за активностите на власта во траење од 48 минути и 9 секунди (Табела 1). Ова време го сочинуваат прилозите во врска со: наодите на Антикорупциската комисија за утврдени неправилности во МВР и реакцијата на техничкиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски; изјавите на премиерот Емил Димитриев и вицепремиерот Владимир Пешевски за рестартирањето на рудникот „Тораница" (во овој прилог време добива и Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ), изјавите на министерот за одбрана Зоран Јолевски и сопственикот на „Броудстоун дифенс" Денис Плат, изјавите на Виктор Мизо, директорот на Дирекцијата за ТИРЗ, на претставникот на „Чагатај Кабло" и на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски; како и изјава на министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски за изградбата на патот Штип – Кочани. Автобусот со мобилното студио на ТВ Нова, седум пати ги следеше митинзите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и два пати на Коалицијата предводена од СДСМ – во Битола и во Куманово. Вториот пат, екипата на ТВ Нова најпрвин била легитимирана од полицијата, а потоа обезбедувањето на митингот од неа побарало да го помести автобусот подалеку, со образложение дека претставува безбедносен ризик. По ова автобусот го напушти Куманово. ТВ Нова, во последниот извештаен период, го употреби дронот трипати, за да ги прикаже митинзите на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во Битола, Струмица и Прилеп.

Три часа 21 минута и 27 секунди од вестите сочинуваат прилози со информативни жанрови за други теми поврзани со изборите (Табела 1). Станува збор за разговорите во живо со универзитетските професори д-р Иванка Додовска и д-р Златко Жоглев, со генералот во пензија Стојан Димчов, со аналитичарот Никола Србов, со политикологот м-р Диоген Хаџи–Коста Милевски и професорката Јагода Митревска, со политичкиот аналитичар Сотир Костов, со уметникот и аналитичар Ацо Станковски; потоа изјави на аналитичарите Алберт Муслиу, Виктор Грозданов, Владимир Божиновски, новинарот Љупчо Цветановски, и Солза Грчева, поранешна членка на СДСМ; изјава на началникот на Генералштабот на АРМ Методија Величковски; на аналитичарите Сотир Костов и Нијази Мухамеди; изјава на странски стопанственик за инвестицијата во Македонија; анкета со граѓани; финансиските извештаи што партиите ги доставија до ДИК и други активности на ДИК; испитувања на јавното мислење; легитимирање на екипата на ТВ Нова од полицијата; отвореното писмо на „Македонски манифест" и разговорот со Стефан Мицов Влахов; изјавите на „Бедем", за тоа дека Зоран Заев не служел воен рок во 2001 година; изјавите на претседателот на државата Ѓорге Иванов во врска со изборите.

Најмногу директни обраќања во информативните жанрови, во траење од 2 часа 3 минути и 1 секунда има Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (45,60%), потоа експертите и аналитичарите – 1 час 15 минути и 9 секунди (27,86%). Другите субјекти, имаат по помалку од 25 минути (Табела 2).

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ НОВА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:14 | 0,46 | % |
| Други субјекти | 00:19:57 | 7,40 | % |
| Експерти/аналитичари | 01:15:09 | 27,86 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:03:01 | 45,60 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:22:51 | 8,47 | % |
| Влада на РМ | 00:04:41 | 1,74 | % |
| АРМ | 00:00:50 | 0,31 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:24 | 2,00 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:05 | 1,14 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:30 | 2,41 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:34 | 0,21 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:54 | 0,33 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:32 | 0,20 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:28 | 0,17 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:36 | 1,71 | % |
| | **Вкупно: 04:29:46** | **100** | **%** |

ТВ Нова емитуваше повеќе коментари и осврти, во траење од 2 часа и 22 секунди. Наредниов дел од Извештајов е приказ на нивната содржина, рамка и тон, како и на извештаите и интервјуата, во кои беше констатирана позитивна или негативна рамка или тон кон некој субјект.

На 1 декември, има неколку прилози со коментари кои се емитуваат во „Обсервер на Нова" во 19 и во 22 часот.

Најпрвин се пренесува написот од весникот „Дневник" означен со телоп „ДУИ: Али Ахмети премиер, доколку некоја од македонските партии не освои мнозинство" (3 минути и 20 секунди). Во него се пренесуваат информациите од „Дневник" дека, според извори од ДУИ, ако по изборите, партијата што ќе победи не успее да формира влада, тогаш мандатот ќе треба да му биде даден на Ахмети. Ако се формира влада, тогаш ќе се бара Албанец да биде претседател на Собранието, како и министер за внатрешни работи или директор на Управата за безбедност или контраразузнавање, а ќе се инсистира ДУИ да раководи и со економските сектори, вклучувајќи го и Министерството за финансии. Потоа се вели дека идејата да се здружат СДСМ и партиите на Албанците „за по секоја цена да се урне ВМРО ДПМНЕ" не е нова, по што се емитува стара изјава на оваа тема од Љубомир Фрчковски, поранешен кандидат за претседател од СДСМ. Се говори и дека една од варијантите е да се формира т.н. широка коалиција и се емитува изјавата на Никола Груевски од митинг дека со тоа СДСМ го теши членството.

Следува коментар „Фрчковски во Љубљана: Нудењето двојазичност на Заев му носи 6% од албанските гласови" (2 минути и 51 секунда). Најпрвин се емитува изјавата на Љубомир Фрчковски од трибина во Словенија за тоа дека ставовите на Заев во однос на Албанците пред избори се многу храбри, дека Македонците би можеле факултативно да учат албански од прво одделение и дека се очекува за СДСМ да гласаат 6% од Албанците. Се потсетува на изјавите на Заев од ТВ 21-М во врска со промената на Уставот

како и дека тој ретерирал, а потоа се вели дека „реакциите на многу граѓани и експерти се дека двојазичноста ќе биде само преодна фаза во федерализација на Македонија".

Наредниот прилог е анкета со граѓани „Анкета: Се покажа дека „фантомските гласачи" биле лага" (2 минути и 19 секунди) за тоа дека граѓаните сметаат оти "со заклучувањето на Избирачкиот список се докажа дека т.н. фантомски гласачи биле само една голема лага со цел да се одложат изборите".

Подолу во вестите, означен со телоп „Република": Српската партија Двери ја потврди кражбата – СДСМ врши политичка измама со нашата кампања" (3 минути и 44 секунди) се пренесува интервју од „Република" со Срѓан Ного од српското движење „Двери" за тоа дека дизајнот на кампањата на СДСМ е апсолутно сличен на нивниот, но оти нема да покренат постапка за утврдување авторски права. Се пренесува и ставот на генералниот секретар на СДСМ Оливер Спасовски дека обвинувањата се апсолутна невистина.

Во вестите има и вклучување во мобилното студио на ТВ Нова, означено со телоп „ВМРО ДПМНЕ на митинг во Битола" (19 минути и 11 секунди) каде за изборите и кампањата се разговара со универзитетските професори д-р Иванка Додовска и д-р Златко Жоглев. Во прилогот има позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ и негативна за СДСМ. Вклучување со истите гости има и во Обсервер во 22 часот (15 минути и 42 секунди), означено со истиот телоп, при кое се коментира митингот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во Битола со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ и негативна за СДСМ.

На 2 декември, во Обсервер на Нова во 19 часот има разговор во живо со генералот во пензија Стојан Димчов „Мобилното студио на ТВ Нова во Штип" (10 минути и 53 секунди), за подобрениот живот во Штип во последните години (во контекст на странските инвестиции, изградба на станови и сл.) за улогата на Армијата итн.

Следува коментар „ТВ Нова – единствен медиум отворен за сите партии" (3 минути и 45 секунди) во кој се пренесува пренесен Фејсбук статус и изјава на Димитар Апасиев од Левица дека ТВ Нова е отворена за сите политички партии и ги кани на дебатите за разлика од други национални ТВ куќи (се пренесува Фејсбук комуникација меѓу Апасиев и управителот на ТВ Телма). Во овој контекст се потсетува и на Фејсбук статус на професорката Билјана Ванковска. Се наведува дека овој став е во спротивност со одлуките на Привремената комисија за следење на медиумското претставување, за опомени и казни за ТВ Нова. Се наведува оти реакции има и од членови на Комисијата дека се користат двојни аршини. Овој прилог, како и наредниот, е емитуван во двете анализирани изданија на вестите.

Наредниот прилог е коментар со негативна рамка за СДСМ „Широка коалиција за промена на уставното име на Република Македонија?" во која се коментира дека Љубомир Фрчковски заговара т.н. широка коалиција со цел да се реши проблемот со името, поддржана од странските амбасадори, и се емитува дел од негово обраќање на трибина во Словенија. Според експертите со вакви преговори на маса би биле ставени македонските национални интереси, по што има изјава од поранешниот амбасадор Ристо Никовски (странска идеја која е погубна за Македонија). Се повторува изјавата на Зоран Заев пред албанските иселеници во Берн, Швајцарија, каде ја критикува надворешната политика на Македонија „и отворено застана во одбрана на Косово, Албанија, Грција, Бугарија и Србија". На крајот се вели дека според аналитичарите, доколку по изборите не се формира стабилна влада „надежта на стратезите на СДСМ е дека преку нереални и неприфатливи условувања од албанските партии би се формирала некаква влада на широка коалиција со што би биле загрозени македонските национални интереси". По ова се потсетува на информациите од ДУИ, објавени претходниот ден, дека Али Ахмети се подготвува за премиер.

По овој прилог, во Обсервер во 22 часот, се емитува уште еден коментар „Заев и кантонизација на Македонија" (6 минути и 8 секунди) со негативна рамка за Зоран Заев и СДСМ. Во најавата се поставува прашањето дали навистина Заев со албанската дијаспора во Швајцарија зборувал за двојазичност и кантонизација или станува збор за предизборен маркетинг за придобивање на гласовите на Албанците. Во прилогот се вели дека како бомба пукнала веста оти Заев „заговарал воведување на двојазичноста и кантонизација на Македонија според швајцарски терк". Ова предизвикало реакции од спротивниот политички блок. Потоа се вели дека „масло на огин долеа" Муса Џамалари, познат заговорник за федерализација на Македонија кој за еден весник изјавил оти неколкупати се сретнал со Заев и зборувал за федерализација. Во

очекување на објаснување на Заев, а под претпоставка дека дел од тоа што се зборува е точно, се анализира за што станува збор. Се вели дека доколку Заев победи, ова е ветување кое нема покритие зашто за вакво радикално менување во државата потребно е двотретинско мнозинство, кое е тешко остварливо. Се наведува дека пресликување федерално или кантонално уредување нема да даде позитивни резултати, бидејќи федерациите на Германија, Швајцарија и Белгија се резултат на долги битки. Потоа се говори за Босна и Херцеговина како пример за вештачко пренесување кантонален модел кој не ги усреќил граѓаните на Босна и Херцеговина.

И во двете изданија на вестите се емитува и коментарот, означен со телопи - „Вработен во администрацијата се жали на притисок од „Мост" и „Андонов: Спасовски спроведува за партиска агенда и го крши законот за полиција" (3 минути и 35 секунди) за реакцијата на вработен во јавната администрација поради тоа што од „Мост" добил писмо во кое е предупреден неговите политички убедувања да не влијаат врз неговата работа. Тргнувајќи од неговата загриженост за тоа кој сè има пристап до неговите лични податоци, медиумот вели оти за работењето на „Мост" и во минатото имало реакции за пристрасност, за тоа дека има и забелешки за најновиот извештај во кој нема информации за констатациите на Антикорупциската комисија за злоупотреби во МВР. Оттука, прилогот се задржува на обвинувањата (изјава) од Оливер Андонов кон Оливер Спасовски, за информацијата дека Јавното обвинителство, по предлог на ДКСК отвори истрага против Оливер Спасовски и општина Куманово за кршење на Изборниот законик, поради користење возила за партиски потреби.

На 3 декември, во коментаторскиот извештај „Груевски: 63 пратеници за ВМРО ДПМНЕ за да не ни се случи кобна грешка" (3 минути и 46 секунди) по емитувањето на делот од обраќањето на Никола Груевски во врска со двојазичноста и федерализацијата, се коментира дека овие теми станале актуелни по гостувањето на Зоран Заев во Берн Швајцарија и се повторува дел од неговата изјава дадена таму. Потоа се вели оти за ваквите ставови Заев бил жестоко критикуван и од дел од експертската јавност зашто отвора болни теми кои по изборите можат да бидат третирани од оние кои не му мислат добро на соживотот во Македонија и да послужат за потхранување нечии тенденции.

Нешто подолу во вестите се емитува прилог „Се развеа албанско знаме на штабот на СДСМ во Чаир" (36 секунди) во кој се прикажуваат снимки од штабот на СДСМ во Чаир каде до македонското и партиското, е истакнато и албанско знаме. Се информира оти тоа се снимки испратени од револтирани граѓани и се пренесува нивни став дека во битката да се додвори до албанските гласачи СДСМ прави потези кои предизвикуваат револт и кај членството.

Подоцна има коментар „Лажни анкети за лажен оптимизам!?" (3 минути и 29 секунди) со негативна рамка за СДСМ, во кој ТВ Нова ја коментира анкетата на „Рејтинг", чии резултати ги нема објавено. Се вели „опозициската СДСМ пред секои избори посегнува по истата стратегија за креирање нереална еуфорија и нереални очекувања". Се вели дека зад ова секогаш стојат Шеќеринска, Заев и Пендаровски, како и во случајот на Претседателските избори во 2014 година. Се емитуваат изјави на Стево Пендаровски од митинг на претходни избори. Се вели оти покрај сомнителната Адриа, како главен партнер во оваа игра се јавува Рејтинг на Спасов. Се пренесуваат Фејсбук статуси со критики за анкетите на Рејтинг од Ивор Мицковски и Бранко Геровски, и се повторуваат резултатите од анкетата на Брима Галуп.

Овие три прилози се емитувани во дневно-информативните изданија во 19 и во 22 часот.

Во 22 часот, има и разговор во живо означен со телопот „Мобилното студио на ТВ Нова во Битола" (13 минути и 20 секунди) со политикологот м-р Диоген Хаџи–Коста Милевски и професорката Јагода Митревска, се анализираат програмите и пораките на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ.

На 4 декември Обсервер во 19 часот започнува со коментар „Поткуп на гласачи во Куманово со делење на дрва" (4 минути и 12 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Се вели дека преку невладини организации се поткупуваат гласачи со делење дрва во Куманово; оти Ромите тврделе дека зад ова стои опозициската СДСМ која ја користи невладината само како параван. Се наведува дека, според претставник на невладината организација, со проектот бил запознаен градоначалникот Зоран Дамјановски, а едно од лицата кои биле повикани на информативен разговор рекол дека не поседува лична карта, но носи членска

карта од СДСМ. Потоа медиумот вели оти ова не е единствен случај за користење и злоупотреба на државните институции од страна на СДСМ. Се говори за случај во Прилеп каде „наводни членови на ВМРО ДПМНЕ" нуделе поткуп. Се коментира оти „случајот помпезно" го открил министерот Оливер Спасовски, а оти со коментар се јавил и уредникот на дневниот весник „Дневник" кој „со низа прашања го доведе во прашање кредибилитетот на снимката и целиот случај" во Прилеп. Прилогот завршува со наводот оти, според упатените, ова било обид да се наруши кредибилитетот и високиот рејтинг на владејачката партија.

Следниот прилог е повторно коментар, означен со телопите „Реакции за идеите за двојазичност и федерализација" и „Експерти: Заев прави политички маркетинг" (3 минути и 42 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Се зборува за тоа дека ова е првпат пред избори прашањето за двојазичноста да го отвори партија од македонскиот блок. Се вели дека за многу аналитичари е симптоматично зошто за прашање какво што е отворањето на Охридскиот рамковен договор - не зборува пред македонскиот, туку само пред албанскиот електорат. Се потсетува на колумната на Бранко Геровски во која се зборува за федерализација и се вели оти дел од интелектуалците се оградуваат од ова, по што се пренесува статус на професорот Цуцуловски на Фејсбук дека залагањата за Македонија како Швајцарија е слична на онаа на Иван Ванчо Михајлов и затоа треба СДСМ да се огради од него. Се пренесува и критика од професорот Златко Жоглев, кој, како гостин во мобилното студио на ТВ Нова, говори за изјавата на Фрчковски. Прилогот завршува со тоа дека треба да завршат изборите па да се види како ќе се развива ова сериозно прашање.

Подолу во вестите се емитува извадок од емисијата „Око", означен со телоп „Експерти: Заев со двојазичноста креира политичка мамка за гласови" (3 минути и 26 секунди) со изјавите за употребата на албанскиот јазик и на Рамковниот договор. Се вели дека ставот на експертите воглавно е оти Заев креира политичка мамка за гласови за да добие политички поени кај албанската заедница преку класична злоупотреба на емотивно прашање. Се пренесуваат изјавите на аналитичарите Алберт Муслиу, новинарот Љупчо Цветановски, аналитичарите Виктор Грозданов, Владимир Божиновски и Солза Грчева, поранешна членка на СДСМ, проследени со телопите: „Муслиу: Потребата за познавање на јазиците е потреба за релаксација на односите", „Цветановски: Двојазичноста – класична злоупотреба на емотивно прашање", „Грозданов: Фрчковски се обиде да го релативизира она што го зборуваше Заев", „Божиновски: Заев прави обид за политичко поентирање кај етничките Албанци", „Грчева: Доколку Заев ги добие изборите, не верувам дека на дело ќе ја спроведе".

Претходните три прилози се емитувани во двете анализирани изданија на „Обсервер".

Во вестите во 19 и во 22 часот се емитува разговор од мобилното студио со аналитичарот Никола Србов (3 минути и 36 секунди), со негативна рамка за СДСМ и Зоран Заев и позитивна за ВМРО ДПМНЕ. При првиот разговор, во студиото е и Васил Пишев, а при вториот - Ванковер Манчев, обајцата од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и затоа нивните гостувања се методолошки вброени во активностите од кампањата.

Во 19 часот, при јавувањето во живо на новинарката на ТВ Нова од митингот на Коалицијата предвоена од СДСМ во Скопје, таа информира дека бил направен обид да се спречи вклучувањето во програмата со палење пиротехнички средства. Водителот од студиото упатува апел до СДСМ и нивните редари да и овозможат на екипата на ТВ Нова непречено да ја работи својата работа.

На 5 декември вестите во 19 часот започнуваат со коментар од Телевизијата, означен со телопот „ТВ Нова: Срамно однесување на симпатизерите на СДСМ, пред очите на редарите" (2 минути и 54 секунди) за обидите репортерката на ТВ Нова да биде попречена да се јави во живо од митингот на СДСМ во Скопје кој се одржа претходниот ден.

Нешто подолу се емитува коментаторски извештај „Величковски: Законот за АРМ е јасен, македонскиот е единствен јазик во армијата" (2 минути и 3 секунди) со ставот на началникот на Генералштабот на АРМ Методија Величковски за тоа дека македонскиот јазик е единствениот кој законски се употребува во АРМ. Потоа медиумот наведува и оти „за двојазичноста предупредуваат и докторите и вработените во јавното здравство. Тие велат дека двојазичноста може да се одрази и на професионалноста на докторите и ќе ја отежни дополнително работата на шалтерите со што неминовно ќе се створат гужви, со

што најмногу ќе страдаат пациентите." Се потсетува дека темата за двојазичноста станала актуелна по обраќањето на Зоран Заев пред дијаспората во Швајцарија на оваа тема.

Следува осврт „Анализа: Стабилна влада за крај на сценаријата за дезинтеграција" (4 минути и 11 секунди) каде се потсетува дека прашањето за двојазичност стана активно по обраќањето на Заев пред дијаспората во Берн. Се пренесува став на професорката Тања Каракамишева Јовановска (тезите за широка коалиција и Албанец премиер се апсурдни, „Албанецот не одлучува за Македонец и тоа е така, тоа е во менталитетот, во кодот на Албанецот"). Се репризира изјавата на Љубомир Фрчковски од трибината во Љубљана, по што се репризираат делови од изјавата на Заев од интервјуто за Нова ТВ и од обраќањето во Берн и изјава на Никола Груевски од митинг дека со идејата за широка коалиција СДСМ го теши своето членство. Се вели дека и припадниците на другите етнички заедници имаат негативна реакција.

Во 22 часот, освен во претходните три прилози, коментаторски елементи има и во прилогот „Аргументи" на ТВ Нова на тема „Анкетите и рејтинзите на партиите" (2 минути и 3 секунди), каде аналитичарите Сотир Костов и Нијази Мухамеди коментираат дека испитувањата на јавното мислење во последниот период се обоени во зависност од нарачателот; како и во веста „Напад на полициски службеници во Струмица" (56 секунди) каде се наведува дека според неофицијални информации министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски пратил внатрешна контрола кај службените лица, и забранил да се делува против осомничените кои побарале заштита во СДСМ.

На 6 декември, двете изданија на Обсервер започнуваат со прилог означен со телопите „Скандал: ТВ Телма не ја објавила целата анкета!?" и „Павел Шатев: ВМРО-ДПМНЕ со убедлива предност во сите изборни единици во државата" (5 минути и 16 секунди) во кој се коментираат резултати од анкета која Телевизијата не ја емитувала, и се објавуваат резултати од истражување спроведено за ТВ Нова од Институтот за демократија (истиот што ја спровел и анкетата објавена на ТВ Телма). Се наведува дека оваа невладина пред две години во пресрет на Изборите во 2014 година, исто така направила истражување на јавното мислење според кое разликата помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ е 5,2%, а на изборите владејачката партија победила со 11% разлика. Се прави пресметка дека по аналогија сега разликата од 3% според анкетата на изборите би била околу 8,8% односно околу 160.000 гласа. Прилогот е емитуван и во 22 часот.

Во двете анализирани изданија на вестите има уште еден осврт на попречувањето на екипата на ТВ Нова при известувањето од митингот на Коалицијата предводена од СДСМ во Скопје. Означен со телопот „ВМРО ДПМНЕ со осуда за нападот врз ТВ Нова" (5 минути и 39 секунди), во прилогот се наведува дека нема реакција од американската Амбасада и од Советот за етика и од двете новинарски здруженија, ЗНМ и МАН, прочитан е дел од соопштението со осуда од ВМРО ДПМНЕ, се потсетува дека сличен инцидент се случил и на друга ТВ екипа, и повторно се опишуваат настаните и се изразува изненаденост што нема осуда и реакција.

Во вестите во 19 часот, веднаш по овој, се емитува уште еден прилог „СДСМ со митинг во Куманово" (5 минути и 24 секунди) во кој се известува дека екипата на ТВ Нова имала проблеми во Куманово со автобусот во кој е сместено мобилното студио. Најпрвин полицијата влегла во автобусот и ги легитимирала членовите на новинарската екипа, а потоа обезбедувањето на митингот на СДСМ побарало да го препаркираат автобусот бидејќи, како што било речено, претставувало безбедносен ризик. Се коментира дека барањето легитимации на телевизиската екипа и влегувањето во автобусот на ТВ Нова е еден вид манифестација на сила и се бара од репортерите ако се повтори легитимирање, да побараат од полицајците и тие да се легитимираат. За овие случувања се потсетува и во другите јавувања од мобилното студио во вестите во 19. Во 22 часот, означен со телоп „Мобилното студио на ТВ Нова избркано од митингот на СДСМ во Куманово" (13 минути и 29 секунди) се емитува разговор со новинарката Бојана Димитриевска која била дел од екипата во Куманово. Уште еднаш се раскажува што се случило во Куманово и дека било побарано објаснување од портпаролот на СДСМ Петре Шилегов и од полицијата во Куманово. Се вели дека нема да има извештај од митингот на СДСМ, односно ќе бидат еднострани, но не по вина на ТВ Нова. Потоа, другата репортерка што беше во Куманово се јавува од пред зградата на ТВ Нова и наведува дека никогаш досега не

им се случило вакво нешто. Од студиото се вели дека ТВ Нова има проблем и да обезбеди соговорници од СДСМ за емисиите.

Во 19 часот има разговор во живо со Стефан Мицов Влахов во врска со отвореното писмо од „Македонски манифест против предлозите за двојазичност во Македонија, означено со телоп „Македонски манифест" со отворено писмо до сите што работат на идентитетска ликвидација на Македонија" (6 минути и 59 секунди), во кој има негативна рамка за СДСМ.

Во двете анализирани изданија на вестите, има коментар означен со телопите „Огромно мнозинство од Македонците се против двојазичност" (3 минути и 5 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во прилогот се вели оти истражувањата на јавното мислење покажуваат дека Македонците се противат на двојазичноста и проширувањето на Рамковниот договор - идеја која е промовирана од Заев и „поддржана од сите албански партии во Македонија". Се наведуваат податоци од анкетата на „Павел Шатев", на што како потврда се емитува анкета на терен спроведена од ТВ Нова со граѓаните на Куманово и Тетово. Се вели дека опозициската СДСМ веќе почна на дело да ја спроведува двојазичноста преку таблите на штабовите, соопштенијата, партиски состаноци на кои говорат на албански по што се прикажува снимка на која се гледа како Мухамед Зекири говори на албански јазик на партиски состанок во село Црнилиште. На крајот се потсетува на изјавите на Заев за медиумите во кои најавувал проширување на употребата на албанскиот јазик и на обраќањето во Швајцарија.

Во мобилното студио, во 19 часот, има разговор со Зоран Петрушевски – професор по социологија (14 минути и 1 секунда) со кого се коментира тоа што се случило со екипата на ТВ Нова, за што тој им се извинува како Кумановец. Потоа се зборува за соживотот во Куманово, за програмите и настапите на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ.

Водителката од студиото, на крајот од вестите во 19 часот, уште еднаш се осврнува на попречувањето на ТВ Нова при работата во Куманово и се обраќа директно во живо со прашање до Привремената комисија за следење на медиумското претставување - Како ТВ Нова да го одржува балансот со ваков третман од СДСМ?

Во Обсервер на Нова во 19 и во 22 часот, со најава „Зошто е запечатена судбината на Кичево, Струга и Скопје" (3 минути и 52 секунди), се емитува коментаторски извештај со негативна рамка за СДСМ. Прилогот се однесува на објавувањето документи од Државниот архив во врска со преговорите меѓу СДСМ и ДУИ за територијалната поделба на Македонија. Акцентите се извлечени во телопите „Државниот архив објави нови документи за територијалната поделба од 2004 година" и „Петровски: СДСМ во 2004 година ги продаде Кичево и Струга, денес Заев заговара федерализација на државата".

Во 19 часот, во „Мобилното студио на ТВ Нова вечерва во Куманово" (14 минути и 23 секунди) со политичкиот аналитичар Сотир Костов се разговара за пораките во изборната кампања, со негативна рамка за СДСМ, за Либерална партија, Левица, Коалицијата ВМРО за Македонија и Коалицијата за промени и правда.

На 8 декември, во Обсервер во 22 часот, во „Мобилното студио на ТВ Нова во Скопје" (14 минути и 14 секунди) има разговор со уметникот Ацо Станковски, со кого се анализираат изминатите денови од кампањата, пораките на партиите и што се очекува на денот на гласањето, со негативен тон и рамка за СДСМ.

На 9 декември, во Обсервер во 19 часот има разговор со аналитичарот Александар Даштевски на тема „Каква изборна кампања имавме?" (10 минути и 39 секунди), со негативна рамка за СДСМ.

Во извештајот од митинзите на СДСМ во 22 часот, означен со телопите „СДСМ на последен митинг во Гази Баба" и „И последниот ден за кампањата Заев им го посвети на Албанците" (5 минути и 23 секунди), во кој водителката од студиото, го дава истиот коментар како во вториот телоп: „Заев и коалицијата и последниот ден го посветија на Албанците со пораки од Арачиново и Автокоманда". Репортерот, вели дека „За разлика од ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, коишто последниот ден го резервираа за Крушево и за Прилеп, Заев и сопартијците беа во Арачиново и Гази Баба".

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Овој десетдневен период започнува на 1 декември по полноќ со емитување на репризното издание на дебатната емисија *Отворено студио*. На тема „Дали се потребни реформи во уредувањето и системот?" во студиото дебатираат Димитар Апасиев од Левица и Зоран Илиевски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Во рамки на емисијата, емитувани се две вклучувања од митинзи, првото во траење од 7 минути, вклучување од митингот на ВМРО ДПМНЕ и второ од митингот на СДСМ и говорот на Заев, во траење од една минута. Емитувани се уште две репризи истиот ден, во 5 часот и 19 минути и во 11 часот и 40 минути.

Во редовниот термин за *Отворено студио* во 20 часот и 30 минути, на тема „Економијата во фокус на изборните програми" гостуваат Владимир Пешевски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Сашо Кожухаров, универзитетски професор. Водителката напоменува дека биле поканети претставници и од другите политички партии, СДСМ, ДУИ и ДПА, но на поканата се одзвал само претставникот на ВМРО ДПМНЕ. Во текот на дебатната емисија, ТВ Нова се вклучува од митингот на ВМРО ДПМНЕ во Битола. Директното вклучување започнува во 21 часот и 20 минути и е во траење од 8 минути. По ова следи вклучување од митингот на СДСМ каде ТВ Нова го прикажа обраќањето на Зоран Заев. Вклучувањето од митингот на СДСМ е во траење од една минута. Репризи се емитувани на 2 декември по полноќ, во 5 часот и 19 минути и во 11 часот и 40 минути.

На 3 декември во 14 часот и 23 минути емитувано е *Отворено студио -избор од дебатните емисии на Нова*. „Кампања полна со ветувања и препукувања": Иванка Додовска, универзитетски професор, Сотир Костов, политички аналитичар; „Здравство на преглед": Виктор Камиловски, ВМРО ДПМНЕ, Нико Беќаровски, Левица; „Дали се потребни реформи во уредувањето и системот?": Зоран Илиоски, ВМРО ДПМНЕ, Димитар Апасиев, Левица; „Економијата во фокус на изборните програми": Владимир Пешевски, ВМРО ДПМНЕ, Сашо Кожухаров, универзитетски професор; „Младите и политичките програми": Владимир Нелоски, ВМРО ДПМНЕ.

Истиот ден во 17 часот и 53 минути прикажана е дебатната емисија *Отворено студио на албански јазик* на тема „Кандидати за пратеници во ИЕ2". Поканети во студиото биле претставници од ДУИ, ДПА, Беса и Алијанса за Албанците, но поканата ја прифатиле само Исуф Сефери од Алијанса за Албанците и Адмирим Алити од Беса.

Во 20 часот и 30 минути во *Отворено студио* дебатираат Крсте Јовановски од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ и Андреј Јованчевски од Левица на тема „Културата во програмата на партиите". Во 20 часот и 55 минути, дебатата е прекината со вклучување од митингот на ВМРО ДПМНЕ во Крива Паланка. Вклучувањето е во траење од 7 минути. Репризи се емитувани на преминот од 3 кон 4 декември и следниот ден во 7 часот и 10 минути и во 11 часот и 36 минути.

На 4 декември во 14 часот и 9 минути, во емисијата *Око*, тема на дебата е „Политичката анализа на и зад сцената, изборните ветувања и очекувањата од резултатот". Гости во студиото се политичките аналитичари Алберт Муслиу, Виктор Грозданов, Владимир Божиновски и новинарот Љупчо Цветановски. Репризи се емитувани на 5 декември по полноќ, во 5 часот и 28 минути и во 11 часот и 22 минути.

Истиот ден во 20 часот и 40 минути дебатната емисија *Отворено студио* се реализира од мобилното студио на ТВ Нова кое во моментот се наоѓа во Струмица каде ВМРО ДПМНЕ одржува митинг. Гости во мобилното студио се аналитичарот Никола Србов и Лазар Партиков, професор по македонски јазик. Додека гостите зборуваат во студиото, ТВ Нова се вклучува од митингот на ВМРО ДПМНЕ. Вклучувањата немаат конкретен почеток и крај и се присутни низ целата емисија. Во 21 часот и 35 минути има краток прекин од 2 минути со вклучување од централниот митинг на СДСМ во Скопје. Репризи се емитувани на 5 декември по полноќ, во 5 часот и 28 минути и во 11 часот и 22 минути.

На 5 декември во 20 часот и 42 минути во *Отворено студио* на тема „Анкетите и рејтинзите на партиите" дебатираат политичките аналитичари Сотир Костов и Нијази Мухамеди. Емитувано е директно

вклучување од митингот на ВМРО ДПМНЕ во траење од 4 минути. Репризи се емитувани следниот ден по полноќ, во 4 часот и 58 минути и 11 часот и 40 минути.

На 6 декември во 20 часот и 45 минути, емитувана е дебатната емисија *Отворено студио* на тема „Анкети, анкети, анкети и пак анкети..." дебатираат аналитичарите Тодор Пендаров и Тони Науновски. Дебатата е на кратко прекината во 21 часот и 32 минути со вклучување од митингот на ВМРО ДПМНЕ во Берово и Делчево. Вклучувањето трае 6 минути.

На 7 декември, во редовниот термин за дебатни емисии на ТВ Нова, емитувано е *Отворено студио* на тема „Кампања, антикампања, негативна кампања - што е тоа" гостуваат д-р Марија Ристевска, извршна директорка на Центарот за истражување и креирање политики и м-р Славица Биљарска Мирчески, експертка за односи со јавност. Прикажани се две вклучувања од митинзи на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, двете во траење од 2 минути. Репризи се прикажани на 8 декември, 12 минути по полноќ, во 5 часот и 23 минути и во 11 часот и 39 минути.

На 9 декември во редовниот термин за дебатни емисии на ТВ Нова, прикажано е *Отворено студио* на тема „Крај на кампањата – како се покажаа партиите?". Во студиото гостуваат новинарите Маријан Николовски – Сител, Мирјана Трпчевска – Канал 5, Искра Коровешовска – Дневник и Мефаил Исмаили – ТВ Шења.

*Интервјуа*

На 2 декември во 20 часот и 40 минути во емисијата *Отворено студио* гостува претседателот на УМС на ВМРО ДПМНЕ и кандидат за пратеник, Владимир Нелоски. На почетокот на интервјуто, гостинот го изразува своето жалење зошто претседателот на младината на СДСМ, Стефан Богоев не е присутен на оваа дебата. Репризи на ова интервју се емитувани на 3 декември по полноќ во 7 часот наутро и во 11 часот и 39 минути.

На 4 декември во 15 часот и 43 минути, емитувано е кратко интервју со Петер Сијарто, министер за надворешни работи на Унгарија.

На 8 декември во 20 часот и 43 минути, во *Отворено студио* на тема „Безбедносни ризици на изборите", гостува универзитетскиот професор Златко Кесковски. Репризи се емитувани на преминот од 8 кон 9 декември и следниот ден во 5 часот и 54 минути и 11 часот и 37 минути.

*Други информативни програми*

На 3 декември во 12 часот и 30 минути, на ТВ Нова емитувана е *Репортажа* од изградбата на патиштата Кичево-Охрид. Во рамки на оваа репортажа, прикажан е и исечок од интервју со Владо Мисајловски – министер за транспорт и врски. Репризи се емитувани на 7 декември во 11 часот и 51 минута и на 8 декември во 12 часот и 34 минути.

**Член 75-б од Изборниот законик**

ТВ Нова, во последниот, десетти извештаен период (од 1 до 9 декември 2016 година), ги емитува следниве прилози во кои власта се поврзува со политички субјект:

***Обсервер во 19 часот и во 22 часот на 3.12.2016***

19:32:28 – 19:36:08 и 22:36:17 – 22:40:01 „Рудникот „Тораница" го рестартира производството" – во прилогот, покрај информации за учеството на Емил Димитриев, премиер на РМ, Владимир Пешевски, вицепремиер за економски прашања и Никола Влканов, претседател на Бордот на директори на „Минстрој", се чита статус од Фејсбук профилот на Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ, кој го поздравува ова исполнето ветување на владата.

***Обсервер во 22 часот на 6.12.2016***

22:36:24 – 22:39:42 „Турски Чагатај инвестира 6 милиони евра во Македонија, ќе отвори 200 нови работни места" – во прилогот за новата инвестиција има изјави на Ахмет Короглу, сопственик на Чагатај Кабло, на Виктор Мизо – директорот на Дирекцијата за ТИРЗ и претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, со што се поврзуваат власта и политичка партија.

***Обсервер во 19 часот на 8.12.2016***

19:01:49-19:11:24 прилог означен со телопите „Груевски: Три нови инвестиции за 500 нови работни места", „Првата инвестиција е грчката „Seke" која преработува и откупува тутун", „Втората инвестиција е на компанијата за кабли „Malhotra cables" од Индија", „Полската компанија „Lubrinaft" ќе гради фабрика во Неготино за масла за подмачкување" - Во прилогот, за новите инвестиции освен изјавите на претставниците на грчката компанија Seke и на полската Lubrinaft, се емитуваат изјави и на Никола Груевски, претседател на ВМРО ДПМНЕ и кусо интервју со Ванчо Костадиновски, заменик- министер за земјоделие.

***Сектор за програмски работи***